Уп. бр. 08-90

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 став (1) точка 2) и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за концентрација поднесено од **МК Груп д.о.о. Белград** (MK Group d.o.o.Beograd), со седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 115е, Белград, Република Србија, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седница одржана на ден 26.12.2019 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Се утврдува дека концентрацијата со која **МК Груп д.о.о. Белград** (MK Group d.o.o.Beograd), со седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 115е, Белград, Република Србија ќе стекне самостојна контрола над друштвото **Викториа Груп а.д. Белград** (VictoriaGroupa.d. Beograd), со седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 115б, Белград, Република Србија, и неговите зависни друштва, преку купопродажба на акции, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.11.2019 година, а дополнето на ден 11.12.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **МК Груп д.о.о. Белград** (MK Group d.o.o.Beograd), со седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 115е, Белград, Република Србија ќе стекне самостојна контрола над друштвото **Викториа Груп а.д. Белград** (VictoriaGroupa.d. Beograd), со седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 115б, Белград, Република Србија, и неговите зависни друштва, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето на Известувањето и прилозите го утврди следното:

**МК Груп д.о.о. Белград** е холдинг друштво во состав на МК Групата. Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка, и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. МК Групата покрај тоа тргува со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

XXX[1]

МК Групата нема зависни друштва регистрирани во Северна Македонија.

**Викториа Груп а.д.** Белград е една од водечките компании во Србија активна во агроиндустријата, чија основна дејност е трговија и преработка на маслодајно семе. Во рамки на групацијата на Викториа Груп работат следниве компании: Сојапротеин (Sojaprotein), Викториа оил (Victoriaoil), Викториа Логистик (Viktoria Logistic), Лука Бачка Паланка (Luka Bačka Palanka), Ветеринарски завод Суботица (Veterinarski zavod Subotica), СП лабораторија (SP laboratorija) и Викториа Старч (Victoria Starch).

Викториа Груп а.д. Белград нема зависни друштва регистрирани во Северна Македонија.

Подносителот смета дека дефиницијата на релевантниот пазар на стоки може да се дефинира како трговија на големо со растително масло за јадење на територијата на Република Северна Македонија.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**д-р Владимир Наумовски**